**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр. 08-527**
**25.01.2019 година**
**С к о п ј е**

**Конкурсна документација**
**за објавување на јавен конкурс за доделување**
**дозвола за радио емитување на програмски сервис**
**на државно ниво**

Скопје, јануари 2019 година

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), а во врска со член 69 ставови 1 и 4, член 70 ставови 1, 4, 6, 9, 10, 11 и 12, член 71, член 72, член 74, член 79, член 80 и член 81 од истиот Закон и Заклучокот бр.02-5067/3 од 23.11.2018 година, донесе Одлука УП 1 бр.08-527 од 23.11.2018 година за објавување јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, а согласно Заклучокот бр.02-337/5 од 25.01.2019 година донесе Одлука за измена на цитираната одлука, под следните општи, програмски, технички, просторни, финансиски и кадровски услови:

## 1. ОПШТИ УСЛОВИ

Дејноста обезбедување на радио емитување ја врши радиодифузер кој е запишан во Централниот регистар на Република Македонија, има седиште и уредништво во Република Македонија и има дозвола за радио емитување на програмски сервис, под услови и начин утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), подзаконските акти донесени врз основа на овие закони, Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, другите позитивни законски прописи во Република Македонија, како и на условите и обврските утврдени во дозволата за радио емитување и Анексите кон дозволата.

Радиодифузер може да започне со обезбедување на радио емитување по добивање на дозволата за радио емитување.

Имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио програмскиот сервис во подрачјето, односно нивото за кое ја добил дозволата.

Според член 69 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, дозволата за радио емитување ја доделува Агенцијата по пат на јавен конкурс.

Кандидатот на кој ќе му биде доделена дозвола за радио емитување на програмски сервис, има обврска да обезбеди услови дека не постои судир на интереси согласно со Законот за спречување на судир на интереси.

Агенцијата ќе донесе одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување, по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна, во согласност со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите и со студијата за утврдување на оправданоста за објавување на јавен конкурс.

Постапката за доделување на дозволата е транспарентна и се води на начин што обезбедува еднаков, рамноправен и недискриминаторски третман на сите учесници во постапката.

Кандидатот на кој ќе му биде доделена дозвола за емитување на радио програмски сервис е обврзан да обезбеди почитување на одредбите од Глава IV – Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Кандидатот на кој ќе му биде доделена дозвола за емитување на радио програмски сервис, се обврзува да започне со вршење на дејноста во рок кој е понуден од негова страна во пријавата, и е еден од критериумите за оценување на доставената пријава на конкурсот.

Во случај на непочитување на понудениот рок за започнување со вршење на дејноста, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Согласно член 30 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, стручниот надзор над радиодифузерот се врши од страна на лица вработени во стручната служба на Агенцијата, по претходно овластување од Советот на Агенцијата, а само заради утврдување на исполнувањето услови во согласност со дозволата за радио емитување.

Стручниот надзор се врши во рок од 30 дена од истекот на триесетиот ден од денот на започнувањето со вршење на дејноста утврден во дозволата за радио емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории, во согласност со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## 2. МИНИМАЛНИ ТЕХНИЧКИ, ПРОСТОРНИ, ФИНАНСИСКИ И КАДРОВСКИ УСЛОВИ

За обезбедување на радио емитување покрај условите и обврските пропишани во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови, пропишани со Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14 и 76/15).

### 2.1. ОСНОВНИ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ, СТАНДАРДИ И ПАРАМЕТРИ

Радиодифузерот, за да врши радио емитување во подрачјето за кое ја добил дозволата за радио емитување од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за државно ниво на слушаност треба да ги исполни основните технички услови, стандарди и параметри утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14 и 76/15) и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата за електронски комуникации, донесени врз основа на Законот за електронските комуникации, а се однесуваат врз фреквенцискиот опсег за радиодифузија и опсегот за фиксна служба.

*Напомена: При користење на фреквенции од фиксни врски за реализација на линковниот дел, задолжително ќе се користат фреквенциите во опсегот 1400 MHz.*

### 2.2. ФИНАНСИСКИ УСЛОВИ

За да може да учествува на Конкурсот, кандидатот треба да поседува финансиски средства за непречено вршење на дејноста. За истите како докази може да приложи сопственост на банкарски депозити, хартии од вредност, недвижнини без хипотека, банкарска гаранција и сл. За предложениот проект учесникот е должен да достави спецификација и пресметка. Проектот треба да биде во согласност со подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## 2.3. КАДРОВСКИ УСЛОВИ

Согласно член 9 став 2 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14 и 76/15), бројот и структурата на вработените лица за радио на државно ниво од специјализиран формат, треба да биде 5 (пет) лица, од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари.

Како вработени лица, се сметаат лицата во редовен работен однос со полно работно време кај радиодифузерот и лицата ангажирани врз основа на договор за дело и/или авторски договор.

## 3. ПРОГРАМСКИ КОНЦЕПТ

Дозволата за радио емитување на програмски сервис, на државно ниво, која се доделува со објавениот јавен конкурс, ќе биде за емитување програма на албански јазик и на македонски јазик, со следниот формат: говорно - музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција.

Говорно - музичко радио од специјализиран формат подразбира дека говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација, треба да бидат застапени со над 15% до 25%.

Говорно - музичко радио од специјализиран формат е програмски сервис што содржи најмалку 70% програми од еден вид аудио програма во вкупно емитуваните говорни содржини во текот на една седмица.

Коефициентот Кп за говорно - музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантен вид програма има забавна функција, изнесува 1,35.

## 4. НАДОМЕСТОК ЗА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**4.1.** Согласно член 80 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за дозволата за радио емитување радиодифузерите, со исклучок на јавниот радиодифузен сервис, плаќаат годишен надоместок на сметка на Агенцијата согласно со овој закон.

Висината на надоместокот за дозволата се определува врз основа на следнава формула: ((Н х БДП / 200.000) х Рт х Кп) + А) х 0.7, каде што:

Н - е број на вкупното население во подрачјето предвидено со дозволата, претставено како бодови, според последните податоци од Државниот завод за статистика,

БДП - е бруто домашен производ по жител, изразено во евра, а претставено како бодови, според последните податоци од Државниот завод за статистика,

Рт - е коефициент каде што за телевизиска програма е Рт=1, а за радиопрограма е Рт=1/4,

Кп - е коефициент кој во зависност од форматот на радиодифузниот сервис изнесува за:

- програма на трговско радиодифузно друштво што опфаќа информативни, играни, документарни, образовни, програми од областа на културата, уметноста и хуманитарните науки, спортски, музички и забавни програми изнесува од 0,75 до 1,

- специјализирани програми на трговско радиодифузно друштво чии содржини се од ист вид (спортски, музички, културни, образовни и друго), изнесува од 1,15 до 1,5,
- програми на трговско радиодифузно друштво наменети за телешопинг изнесува 2,5, и
- за програма на непрофитна радиодифузна установа изнесува 0,25 и

А - е константа која изнесува 100 бода за радио и 200 бода за телевизија.

Вредноста на еден бод изнесува 1 евро пресметано во денарска противвредност по средниот курс на еврото според Народната банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

**4.2.** Начинот на пресметувањето, фактурирањето и наплатата на надоместокот за дозволата за радио емитување ги утврдува Агенцијата врз основа на горе наведената формула согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.185/14), Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14) и Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14).

**4.3.** Висината на надоместокот за дозволата за радио емитување Агенцијата ја соопштува на почетокот на календарската година по добивањето на податоците од Државниот завод за статистика.

**4.4.** Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

**4.5.** Надоместоците што се платени за годината во која на радиодифузерите им е одземена дозволата за радио емитување, односно за годината во која престанала нејзината важност не се враќаат.

**4.6.** Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца.

**4.7.** Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30%.

**4.8.** Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе донесе подзаконски акт со кој ќе утврди план за времето и жанрот за емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници за трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио.

## 5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОЗВОЛАТА

Согласно член 79 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за радио емитување на трговските радиодифузни друштва и на непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од 9 (девет) години со можност за продолжување на истата.

Дозволата за радио емитување може да се продолжи на барање на носителот за време од 9 (девет) години.

Дозволата не може да се пренесува на друго лице.

## 6. ПРЕСТАНОК, ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА

**6.1.** Престанок на важност на дозволата по сила на закон

Согласно член 85 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за радио емитување престанува да важи по сила на закон во следниве случаи:

- со истекот на рокот за кој е доделена,
- со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма,
- ако имателот на дозволата престанал да постои,
- со одземање на дозволата од страна на Агенцијата,
- ако настапи стечај на имателот на дозволата или
- ако настапи ликвидација на имателот на дозволата.

За престанок на важност на дозволата за радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи по сила на закон.

Над трговско радиодифузно друштво може да се спроведе постапка за ликвидација или да се отвори стечајна постапка согласно со закон.

**6.2.** Одземање на дозволата за радио емитување

Согласно член 82 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери во следниве случаи, по претходно доставено писмено известување, доколку:

- имателот на дозволата не започне со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата,
- имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини,
- имателот на дозволата подолго од 30 дена од денот на започнување со вршење на дејноста, утврден во дозволата, не ги исполнил техничките, просторните, финансиските и кадровските услови што ги понудил во постапката на доделување на дозволата, а врз основа на извршен стручен надзор согласно со членот 30 од овој закон,
- имателот на дозволата дал неточни податоци кои биле важни за донесување на одлуката за доделување на дозволата,

- по издавањето на дозволата ќе настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста,
- имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок,
- не се отстрани недозволена медиумска концентрација согласно со овој закон и
- на радиодифузерот со правосилна судска одлука му е забрането вршење на дејност.

**6.3.** Постапка за одземање на дозволата

Согласно член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот покренува постапка за одземање на дозволата за радио емитување по предлог на директорот на Агенцијата.

Предлогот се доставува до сите членови на Советот во писмена форма со детално образложение за причините за одземање на дозволата, а согласно со случаите од членот 82 од овој закон.

Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Доколку Советот донесе одлука за одземање на дозволата истата мора да биде образложена и објавена во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

## 7. ТРОШОЦИ ЗА ПРИЈАВАТА

Трошоците направени од подносителот за подготвувањето и поднесувањето на пријавата за учество на јавниот конкурс и придружната документација ќе ги сноси подносителот.

За документацијата се плаќа надоместок во износ од 60.000,00 денари на жиро сметка: 300000000618023, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје.

## 8. НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

**8.1.** Кандидатите на Конкурсот поднесуваат пријави на посебен образец чија форма и содржина ги пропишува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се објавува на веб страницата на Агенцијата.

Конкурсната документација и образецот - Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво можат да се подигнат во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Палата „Панко Брашнаров", ул.„Македонија" бр.38, Скопје, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

**8.2.** Пријавата се поднесува во затворен плик до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Палата „Панко Брашнаров", ул.„Македонија" бр.38, Скопје, со назнака „ Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво".

Обрасците и прилозите кон пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на државно ниво, треба да бидат систематизирани по редослед и реден број на образец, односно Прилог кон Пријавата, при што кај секој прилог кон пријавата, на првата страна во десниот горен агол од листот да биде наведен соодветниот реден број. (Пример: Прилог бр.____).

Пријавата, со придружната документација од член 73 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се поднесува во 2 (два) примерока (оригинал и копија).

Пријавата може да се достави препорачано по пошта или со предавање во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8.3.** Дополнителни информации, во врска со објавениот јавен конкурс, може да се добијат од следните лица:

- за програмскиот концепт: Огнен Неделковски тел: 02/3103-410; Несрин Махмут тел: 02/3103-425;
- за сопственичката структура и кадровските услови: Катерина Доневска тел: 02/3103-422;
- за техничките и просторните услови: м-р Арѓенд Џелили тел: 02/3103-407;
- за финансиските услови: Горан Радуновиќ 02/3103-433; Весна Симоновска 02/3103-437; и
- за општи податоци и правни прашања: м-р Ивона Муфишева Алексовска тел: 02/3103-413; м-р Сања Филиповска тел: 02/3103-412.

**8.4.** Пријавите кои ќе бидат поднесени на овој јавен конкурс, ќе бидат јавно отворени, во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Палата „Панко Брашнаров", ул.„Македонија" бр.38, Скопје, една недела по истекот на рокот за поднесување на пријави, утврден во точка 12 на одлуката.

Информацијата за денот и часот на јавното отварање ќе биде објавена на веб страницата на Агенцијата: www.avmu.mk.

## 9. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

Пријавата за учество на Конкурсот се поднесува во рок од 90 (деведесет) дена.

Рокот за поднесување на пријавите тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката за објавување јавен конкурс во „Службен весник на Република Македонија".

Пријавите се поднесувааат во рокот определен со Одлуката за објавување јавен конкурс на начин, форма, број на примероци и со содржина предвидена во конкурсната документација.

Пријавите на кандидатите кои нема да го платат надоместокот за документацијата, кои ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со Одлуката за објавување на јавен конкурс, како и некомплетните, неуредно пополнетите пријави и пријавите кои нема да бидат поднесени во 2 (два) примерока (оригинал и копија), нема да се разгледуваат.

## 10. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

**10.1.** Агенцијата (надлежните сектори) ги оценува пријавите врз основа на критериуми утврдени во член 74 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа:

- предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production),
- застапеноста на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура,
- техничките услови за производство на програмите,
- просторните услови за вршење на дејноста,
- бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста,
- понудени гаранции за финансиската способност за остварување на дејноста за времето за кое се доделува дозволата,
- понуден рок на започнување со вршење на дејноста и
- понудено време на дневно емитување.

**10.2.** Во одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, Агенцијата го утврдува начинот на бодирање на критериумите, при што најголем дел од вкупниот број на бодови треба да им биде доделен на критериумите:

- предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production); и
- застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура.

**10.3.** Имајќи ги предвид одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на критериумите за оценување на поднесените пријави на конкурсот, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при доделувањето на дозвола за радио емитување на програмски сервис на државно ниво, поднесените пријави ќе ги оценува врз основа на следните критериуми:

| | | |
|---|---|---|
| **1. Застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production), во текот на неделата** | | **26 бода** |
| - до 50% од говорниот дел од програмата | 15 бода | |
| - над 50% од говорниот дел од програмата | 26 бода | |
| | | |
| **2. Застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура** | | **25 бода** |
| • **програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, емитувани на годишно ниво** | | |
| - до 30 часа во текот на годината | 10 бода | |

| | | |
|---|---|---|
| - над 30 часа во текот на годината | 15 бода | |
| • **инструментална музика од македонски автори, вокална и/или вокално-инструментална музика на јазикот/јазиците на кој/кои ќе се емитува говорниот дел од програмата, емитувана во текот на денот** | | |
| - до 30% од вкупно емитуваната музика | 7 бода | |
| - над 30% од вкупно емитуваната музика | 10 бода | |
| | | |
| **3. Бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста (најмалку 5 вработени, од кои 2 новинари со ВСС)** | | **17 бода** |
| - **3.1. број на вработени** | | |
| - До 7 вработени | 7 бода | |
| - Над 7 вработени | 10 бода | |
| | | |
| - **3.2. структура на вработените** | | |
| - До 4 новинари | 5 бода | |
| - Над 4 новинари | 7 бода | |
| **4. Технички услови за производство на програмите** | | **7 бода** |
| | | |
| **5. Понудено време на дневно емитувана програма** | | **7 бода** |
| - 18 часа | 4 бода | |
| - над 18 часа | 7 бода | |
| **6. Просторни услови за вршење на дејноста** | | **7 бода** |
| | | |
| **7. Понудени гаранции за финансиската способност за остварување на дејноста** | | **7 бода** |
| | | |
| **8. Понуден рок на започнување со вршење на дејноста** | | **4 бода** |
| - до 3 месеци од денот на издавање на дозволата | 4 бода | |
| - над 3 месеци од денот на издавање на дозволата | 2 бода | |
| | | |
| | **Вкупно** | **100 бода** |

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**